**СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ ЛАБОРАНТИ И САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ НА Р. МАКЕДОНИЈА**

# *ЗБОРНИК*

## 29$^{ти}$ Октомвриски средби

ОХРИД, 2001

## ОРГАНИЗАТОР

## СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ ЛАБОРАНТИ И САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Милан Петрески

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ**
Дељо Делев

**СЕКРЕТАР**
Ивица Апостолов

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР**
Дељо Делев
Ивица Апостолов
Кирил Арсов
Бојан Маневски

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБО**

ПРЕТСЕДАТЕ
Ристо Севри

ПОТПРЕТОЕДАТЕЛ
Михајло Бојаџи
Љупчо Здравевс

**ЧЛЕНОВ**
Маја Павло
Славица Ѓурово
Љупка Дејаново
Лиле Николово
Стојка Накево
Весна Кља
Надица Герчако

# КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО ОПШТИНА ШТИП ВО ПЕРИОД 1979-2000 ГОДИНА

**Ј. Витларова, Н.Камчев, Л. Иванова, В.Дејанова, В. Троковска , В. Вереса**
**РЕ Трансфузиологија, Медицински центар - Штип, Р. Македонија**

**Вовед:** Обезбедувањето крв во доволна количина за потребите на болните и повредените кои се лекуваат во работните единици на Медицинскиот центар во Штип е основна задача на РЕ Трансфузиологија. ***Цел на шрудош:*** Реално да се прикажат постигнатите резултати во областа на крводарувањето во општина Штип во период од 1979-2000 година. Посебно да се прикажат планираните и остварените годишни потреби од свежа крв; односот на реализирани крводарувања во работната единица и терен; застапеноста на крводарителите по возраст, пол и социјална структура; фреквенцијата на крводарители по прв пат и повеќекратни крводарители.

**Материјал и методи:** Во изминатите 22 години РЕ трансфузиологија во соработка со општинската организација на Црвен крст во Штип во работните организации, училиштата, факултетите и месните заедници реализира вкупно 1253 акции за доброволно дарување на крв. Покрај тоа реализирани се повеќе стотици крводарувања и во просториите на работната единица за трансфузиологија.

**Резулшаши:** Во периодот 1979-2000 година планирани се вкупно 37.776 крводарувања. Остварени се 59.665 или во просек планот е реализиран со 157.9%. Околу 25-162 или 42.1% од крводарувањата се остаареки во работната единица, а 34.503 или 57.8% на терен. Организирани се вкупно 1253 доброволни крводарителски акции. Во просек секоја акции има по 27.5 крводарувања. По прв пат даруваа 8.485 или 14.2% граѓани, а останатите 51.180 или 85.7% се повеќекратни дарители. Наголем процент (54,9%) од крводарителите се на возраст од 26-40 години.Потоа следува возрасната група групата над 40 години (23.9%), и (21%) возрасната група од 18-26 години. Во просек 68% од крводарителите се мажи, а 32% жени. Најголем процент од доброволните крводарители (68.9%) се работниците од непосредното производство, по нив следуваат учениците со 13.0%, потоа административните работници со 9.2%. Во последните неколку години (од 1995-2000) се зголемува бројот на крводарители од граѓани невработени, стечајни работници и работници прогласени за технолошки вишок. Преку табели и графикони се прикажани реализираните крводарувања по години. Коментирани се одредени пропусти и слабости. Предложени се мерки за подобрување на состојбата со реализирани крводарувања.